| Неделна Тема | Патот на четирите годишни времиња |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Волшебно дрво |
| **Возраст** | 3-4години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема ,,Како одржувам хигиена кога играм надвор во паркот". Му се објаснува на детето дека и во паркот кога игра треба да се одржува физичко растојание, да не се допираат најразлични предмети, на пример: пластични чашки, шишиња, најразлични хартии и сл. Исто така да се внимава на отпадокот, односно да се фрла на места означени за тоа - во канта за отпадоци. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разгледување на слики на кои се претставени четирите годишни времиња. Потоа запознајте го детето со активноста, односно на еден лист нацртајте дрво кое непосредно ќе биде поделено на 4 еднакви дека. Користете темперни бои и природен материјал – компир од кој ќе направите печати, односно листови, есенски плодови и цветчиња. На детето објаснете му дека едниот дел од дрвото претставува пролет каде ќе треба да печати розеви цветчиња, другиот дел од дрвото претставува лето и ќе треба да печати зелени ливчиња на дрвото, третиот дел претставува есен и ќе треба да печати жолти или кафени есенски ливчиња или пак плодови (јаболки или круши) и последниот дел од дрвото ќе остане празен, односно дрвото во зима нема ниту лисја, ниту плодови, но може да му предложите на детето на тој дел од дрвото да печати со прст снегулки.<br>Активноста завршете ја со слушање на песната „Годишни времиња" од Златно Славејче 2015 год. или со прошетка и игра на свеж воздух со топка. |